Најнов број
Импресум
Маркетинг
Архива
Пребарај

Претходен број

Броеви комплетно достапни за читање on-line

Број 150

Број 149

Број 148

Број 147


Број 146

Број 145

Број 144




# ТАКА ЗБОРУВА СКУЛПТОРОТ



**Ибрахим Беди, професор по скулптура на Факултетот за ликовни уметности**

**Пишува: Тони Димков**

Почетокот на годината му тргна добро на Беди Ибрахим. Прво учествуваше во изложбата на неформалната група „Зеро" во „Мала станица", со која обележа 25 години од сопственото, но и од заедничкото творештво со ликовните уметници кои ја оформија групата. Речиси истовремено, во текот на јануари за прв пат самостојно се претстави во САД, во Македонскиот културен центар во Њујорк. Како автор, користи повеќе различни медиуми во создавањето на уметничките дела, но јавноста го познава како скулптор кој ја одбегнува фигурацијата, а го нагласува амбиенталниот концепт на делото. Од сопственото искуство често вели дека уметниците на овие балкански простори секогаш мора да имаат и втора професија, бидејќи не може да се живее само од скулптурите, од графиките или само од сликите. Долго време работеше како сценограф во Турската драма, а во периодот од 2000 до 2002 година беше и директор на тогашниот Театар на народностите. Од 2002 година е професор на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, на одделот – скулптура.

**Кога се појави вашиот интерес за скулптурата?**

- Инспирациите за тоа што го работам, почнувајќи од 1984 година со ликовната група „Зеро" до денес, ги пронајдов во местото каде ги поминав моето детство и младоста, односно во Гази Баба, за која сега некои велат дека е Харлем во Скопје. Гази Баба беше една од најелитните населби на времето, уште од Османлискиот период, па се' до осумдесетитте на минатиот век, бидејќи се наоѓа во близина на Чаршијата, а Чаршијата секогаш била центарот на градот. Интересот за скулптурата произлезе од детските игри, од леталата што ги нарекувавме цуцулиги и од калта. Тогаш немаше играчки од пластика, туку имавме дрво и кал. Уметноста и денес ја сфаќам како игра, но како сериозна игра со која на гледачот треба да му се пренесе одредена порака. Мојата прва скулптура беше редимејд-објект. Од еден стар томос-моторцикл го искористив ауспухот. Скулптурата ја нареков „Нej". Неј е турски, односно источен музички инструмент, а зборот значи ветер. Скулптурата поставена во правецот на ветерот произведуваше звук во просторот. Потоа почнав да истражувам каде се наоѓаат и кои се акустичните места во градот. Каде има промаја, каде дува ветер и дали ќе можам да поставам скулптура што како музички инструмент ќе произведува звук. Тој звук може да биде неартикулиран, но, во соработка со луѓе кои се стручни во музичката област, да може да се компонира преку скулптурата.

**Идејата изгледа прилично едноставно!?**

- Навидум е така. Јас посакувам да направам ситуација во која додека гледачот ги гледа моите скулптури да каже дека и тој може истото да го направи. Сакам да ја срушам академската бариера и да оставам впечаток дека и гледачот би можел да направи таква уметност, бидејќи во секој човек се крие некоја способност за уметничко изразување, но се' зависи од тоа колку тој ќе дозволи таа да излезе на виделина. Исто така сакам да ја извлечам уметноста надвор од музеите, од галериите, не сакам уметноста да остане затворена во еден храм, туку да биде поставена на отворен простор и да биде достапна за секого. Мислам дека постои и пречи таа бариера, што дури и во образовниот систем, од основното до високото образование, не се посветува многу внимание на ликовната уметност, па затоа ние како држава доцниме во планот на културата и уметноста со многу работи. Имаме потенцијал, но со се' доцниме, и со модата, и со музиката, трендовите секогаш отпосле стигнуваат кај нас.

**Колку експерименталниот пристап е карактеристичен за вашата работа?**

- Таква е уметноста што ја создавам. Затоа имав многу експерименти и скулптури-објекти за гулабите, за мравките во заборавените места, за околината каде што се движам. Неколку експерименти имав во Кападокија, во централна Анадолија, во Турција. Овде имав на Скопска Црна Гора, бидејќи сакам да шетам и да барам

Број 143




Број 142




Број 141




...

заборавени простори и заборавени луѓе.

**Која е пораката што сакате да ја пренесете со сопственото творештво?**

- Во целото мое творештво има три наслови: „Птица", „Гнездо" и „Порта". Во постојана потрага сум по приказни. Барам приказни и барам простори. Сакам заборавени делови од мебел, од објекти, или заборавени луѓе, заборавени простори за кои се мисли дека на нив ништо не може да се изгради, дека земјата е неплодна. Сакам да создадам нешто за некого, макар само за птиците или за животните. Пораката е секој да може да каже дека и тој можел да го направи истото дело.

**Од друга страна, каква порака им пренесувате на вашите студенти на Факултетот за ликовни уметности во Скопје?**

- На студентите им давам совети да чувствуваат, да работат и слободно да размислуваат. Секогаш им препорачувам да излезат надвор од шемата, бидејќи, според мене, се' е уметност и треба да се интересираат за се' околу себе. Познатиот архитект Мимар Синан, уште во времето на Сулејман Величествениот, рекол дека уметниците мора да знаат и хемија и физика и биологија. Објектите на овој турски неимар ме фасцинираа и ме натераа и јас да размислувам на тој начин, а истото им го пренесувам и на моите студенти. Притоа, повеќе ме интересира душата на објектот отколку надворешниот изглед, контурите или формата. Тоа значи дека имам почит кон секој објект, бидејќи во секој објект има вложено труд. Ако навлезам да истражувам подлабоко, во секој објект ќе откријам некоја приказна. Мислам дека така треба и да се размислува, бидејќи, пред се', го ценам трудот на човекот, на уметникот, а штом нешто е создадено, тогаш мора да има некаква енергија, само се поставува прашањето каде да ја бараме и како да ја пронајдеме енергијата.

**Какви совети им давате на студентите по скулптура, како да го создадат делото, а особено ако станува збор за дело што ќе биде поставено во јавен простор, што значи пред очите и пред судот на јавноста?**

- Како автор повеќе ја сакам амбиентална скулптура која има приказна и енергија. Пред да почнат да го создаваат делото на студентите прво им велам дека треба да направат истражување на просторот, да комуницираат со луѓето кои живеат или поминуваат низ просторот каде што ќе биде поставена скулптурата, потоа, барем еден месец да скенираат што се случува на просторот што е предвиден за нивната скулптура: каде и како се движат луѓето во тој простор, какви ориентири, згради или други објекти има во просторот? Треба да направат и елаборат, на пример, како дува ветерот, кога врне дожд каде се собира водата или, кој, каде и што продава во околниот простор. Сите овие моменти треба да бидат дел од нивната социолошка анализа на просторот во кој треба да биде поставена нивната скулптура. Дури отпосле треба да пристапат во реализација на проектот каква скулптура би можело да се постави во таков простор.



**Каков е вашиот личен став како скулптор околу тоа што сега се случува на плоштадот?**

- Секогаш велам дека, според мене, центарот на градот е Старата чаршија. На плоштадот нешто се случува и велам дека секој што работи нешто, истото треба да се почитува и да се бараат позитивната страна и енергија на делото што се создава. Ја видовме презентацијата на проектот за центарот на Скопје, но за мене тоа не е доволно. Тоа е една виртуелна слика и затоа за проектот сакам да зборувам кога ќе се поставaт објектите кои се најавени. Од другите скулптури што ги постави Министерството за култура има и добри и лоши работи. Мислам дека во правењето на скулптурата најмногу треба да се внимава на пропорцијата. Тоа е главната работа. Од моите искуства, делото може да биде добро изведено, но ако е промашена пропорцијата, тогаш тоа добива негативни поени.

Мислам дека е добро што се гради и што се поставуваат скулптури, но едно што ми пречи, а тоа од детството ми е меморирано во главата, е што објектите се свртени со грб кон левата страна на Вардар. И досега на плоштадот, кога имаше концерти, бината беше свртена со грбот кон левата страна на градот, на митинзите исто, дури и кога штафетата на Тито доаѓаше во Скопје, бината беше свртена со грб кон Вардар. Тој впечаток не е од сега, туку е од старото време, уште од времето на Југославија. Затоа фаворит ми е другата страна, а во таа, друга, лева, страна не би поставил фигурација, туку би поставил објекти или дела со приказна.

**Зошто Старата чаршија игра толку значајна улога и во вашиот живот и во вашето творештво?**

- Чаршијата ми е слабост поради тоа што е така поставена, според Мимар Синановиот

план, и што тие мали плоштадчиња се така направени за да може секој човек еден на друг да си рече 'Добар ден', или 'Мерхаба', односно да се поздрави со другите луѓе. Младоста ми помина во периодот кога секој на секого му велеше 'Добар ден'. Кога влегуваш во просторијата не поздравуваш директно само еден човек, туку со 'Мерхаба' ги поздравуваш сите што се во еден одреден простор во дадениот момент. Тие мали плоштадчиња ме интересираа бидејќи Корбизје вели дека секој град има акустични места и мислам дека во чаршијата има неколку мали среќавалишта, кои се викаат Дорт јол, каде се сретнуваат 3-4 мали улички, и тоа е акустичното место во градот, или во чаршијата. Исто така ме фасцинираат Безистенот, Саат-кулата, тумбата кај Саат-кулата.

Друг момент што ме поврзува со тој простор е што во периодот на моето студирање Факултетот за ликовни уметности се отвори во Сули ан. Тоа беше полн погодок бидејќи чаршијата живна со отворањето факултетот. Потоа првите две-три кафетерии се отворија во чаршијата. На некој начин чаршијата, која и денес е синтеза на многу култури, јазици, занаети и многу начини на живеење, беше фуга-простор помеѓу Гази Баба и населбите од тој дел на градот и центарот.

**Во тој период се појави и групата „Зеро"?**

- Практично фуга-просторот не' прифати нас. Факултетот се наоѓаше на десетина метри од чајџилницата „Галерија 7" и на таа релација се создаде еден мал плоштад, едно место каде што се собиравме. Тука голем удел имаше Пепси, кој не собираше како матица. Така се создаде „Зеро", како неформална ликовна група. Не бевме само тие осум-девет луѓе кои се познати како членови на групата „Зеро", туку постојано имаше различни луѓе од сите бранши, доаѓаа, се дружевме и сите учествуваа во сите објекти, така што ако направиме список може да излезат и триесет луѓе кои биле членови на групата. Тогаш доаѓаа и музичари, и поети, и писатели, и сегашни политичари. Тоа беше едно чудно време и еден чуден простор, и сега многу жалам по тие времиња.

Не знам дали воопшто ќе се повтори таков период, но, со оглед на плановите за ревитализација на чаршијата, мислам дека треба да создадат условите како што беше во осумдесититте години на минатиот век. Тоа значи дека е потребна вистинска подлога за уметноста, а на тој начин во живот ќе се врати и чаршијата.

**Како човек и како уметник, кои се вашите принципи за дејствување во животот?**

- Во студентските денови читав суфизам, потоа ги читав источните филозофи, како Лао Це, кој на едно место вели: Ги сакам ниските и заборавените места, заборавените луѓе, во своето срце сакам длабочина без дно, во своето однесување сакам дарежливост, во својот говор сакам искреност, во своето владеење сакам мир и сето тоа е заради тоа што јас не се борам.

**А, живееме во свет во кој секој за нешто се бори!?**

- И син ми го воспитувам да се бори, но и да биде искрен, чесен, точен, прецизен, педантен, и никогаш да не заработува, или како што викаат Турците, да не бара да дојде до резултат без халал, што значи да не заработува преку ноќ, без труд и без знаење, туку да дојде до резултат тогаш кога ќе заслужи. Затоа треба да се труди. Не да се бори да дојде до резултатот, туку да се труди да дојде до резултатот. За жал, живееме во вакво време, но ќе испливаме, ќе останеме на виделина. Еден теолог велеше: Луѓето кои се празни се како кукољот од житото. Ако стеблото е празно, без плодови, тоа секогаш ќе вирее исправено и вертикално, а тоа што е полно со плодови, секогаш ќе биде поднаведнато. Празното стебло секогаш се бори со ветерот, а поднаведнатото стебло не се бори бидејќи е полно со плодови. n

## Кодираната приказна на материјалот



Птици, гнезда, мравки, пчели, кошници, порти, се главните наслови што го следат творештвото на Беди Ибрахим. Три години од својот живот помина во Истанбул, од 1990 до 1993 година, прво на универзитетот „Мимар Синан", а потоа кај познатиот турски архитект Џенгиз Бекташ. Вели дека во тој период стекнал многу искуства и открил многу приказни. „Некогаш сам ги барам приказните, а некогаш тие ме пронаоѓаат мене. Различни материјали својата приказна ја носат во кодот на нивното потекло. Авторот треба само да изрази желба да ја пронајде кодираната приказна на материјалот што сака да го обработува во уметничка цел, а од приказната ќе стигне и до уметничкото дело", открива Беди Ибрахим.